Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 03.06.2026
Орг.Един. / Nj. Org. | Број: / Numri 13-64/2 | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë:

УПРК.бр.35/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД, во совет составен од судиите: м-р Ѓоко Живковски - претседател на советот, Марта Телеграввчиска и Рамије Абдурахими Цара - членови на советот, со записничар – Ќефајет Бериша судски референт, решавајќи по тужбата на тужителите Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје и овластено лице во правното лице Николаос Веропулос од Скопје, поднесена преку полномошник Ерол Хасан, адвокат од Скопје, против Решение ПП.бр.13-80/11 од 05.09.2025 година на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, основ: прекршок од областа на конкуренцијата, вредност на спорот: 1.000.000,00 денари, по одржаната јавна усна расправа на ден 22.04.2026 година, во присуство на полномошник на тужителите и овластени лица на тужениот орган, согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови, на ден 29.04.2026 година, донесе и ја објави следната:

I

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителите Трговско друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС-ДООЕЛ Скопје и овластено лице во правното лице Николаос Веропулос од Скопје, против Решение ПП.бр.13-80/11 од 05.09.2025 година на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на полномошникот на тужителите, Управниот суд да донесе решение со кое ќе го задолжи тужениот орган да им ги надомести трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното Решение означено во изреката на пресудата, во точка 1, утврдено е дека правното лице Веропулос Дооел Скопје, сторило прекршок од член 26 став 1 точка 1 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи, за што му се изрекува глоба во износ од 14.500,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата, додека во точка 2, согласно член 26 став 2 од истиот Закон, на одговорното лице (Управител) во правното лице Веропулос Дооел Скопје, Николаос Веропулос со живеалиште во Атика, Амаруси, Грција, му се изрекува глоба во износ од 300,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата. Во точка 3 од диспозитивот на истото решение, глобата од точка 1) и точка 2) од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението, со напомена дека неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

Незадоволни од ова решение, тужителите, преку полномошник Ерол Хасан, адвокат од Скопје, ја оспоруваат законитоста на решението на тужениот орган означено во изреката на оваа пресуда поради неправилна примена на Законот за општата управна постапка, Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, како и поради тоа што во постапката која му претходела на донесувањето на оспореното решение не ја утврдило правилно фактичката состојба што резултирало со донесување на незаконито и неправилно решение. Предлагаат, Судот да донесе Пресуда со која ќе ја уважи тужбата на тужителите во целост, оспореното решение ќе го поништи и ќе го задолжи тужениот орган со трошоците во постапката по АТ на АКРСМ. Во тужбата наведуваат дека повредени се основните начела на Законот за општата управна постапка и тоа членот 4, 6, 9 и 12 односно повредено е основното Начело на законитост, Начелото на еднаквост, непристрасност и објективност во постапувањето, како и Начелото на материјалната вистина и Начелото на оцена на доказите. Исто така наведуваат дека е сторена и суштествена повреда на одредбите на постапката според Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, како и повреда на одредбите од Уставот на РСМ и тоа членот 8 - темелни вредности на уставниот поредок во Републиката и член 55 согласно кој се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, а Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Истакнуваат дека Комисијата со Заклучокот за прибавување на податоци на лице место од 28.05.2025 година побарала само дел од доказите, а не го побарала Годишниот договор врз основа на кој произлегувале дополнителните договори, па врз основ на делумно прибавени докази погрешно го применила материјалното право односно членот 8 став 1 точка 12, 16, 23 и 26 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи со што делумно и нецелосно ја утврдил фактичка состојба. Укажуваат дека покрај јасната законска одредба од членот 8 од ЗЗНТП, во меѓусебниот договор склучен со ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци, за периодот од 01.01. до 31.12.2025 година, во членот 3, јасно и недвосмислено е утврден максималниот износ на надоместоците и плаќањата меѓу договорните страни кој не треба да надмине 10% од остварениот промет во тековната година, а како поткрепа на изнесениот став меѓу ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје и ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци бил склучен Анекс кон Договорот со кој на јасен и недвосмислен начин било потврдено дека сите надоместоци и плаќања по основ на Годишниот договор и Договорот за размена на податоци нема да го надминат законскиот максимум од 10% од остварениот промет во тековната година, односно дека меѓусебно склучените договори претставуваат една целина кој го регулира нивниот меѓусебен однос во врска со ЗЗНТП. Сметаат дека Комисијата оспореното Решение го донела предвреме и спротивно на ЗЗНТП односно во првата половина на тековната година и заради тоа не можела со сигурност да утврди колкав е износот на надоместоците и плаќањата меѓу договорните страни и дали во конкретниот случај било надминато ограничувањето од член 8 став 6 од ЗЗНТП, од причина што не била измината календарската година како што било предвидено во законот. Поради истото со поднесок било побарано Комисијата да ја запре постапката и евентуално по истекот на тековната година да ја продолжи постапката па врз основ на остварениот промет и други евентуални докази да ја утврди точно фактичката состојба и неспорно да утврди дали е надминато законското ограничување од 10% од членот 8 став 6 од ЗЗНТП. За правилно и точно утврдување на фактичката состојба предлагаат да се изврши, по истекот на календарската година, финансиско вештачење при што точно ќе се утврди вкупниот промет меѓу тужителот и ВВ ТИКВЕШ АД Кавадраци за стоките опфатени со ЗЗНТП и ќе се пресмета колкав е износот на надоместоците и

плаќањата меѓу договорните страни и дали во конкретниот случај е надминато ограничувањето од член 8 став 6 од ЗЗНТП. Меѓутоа Комисијата не се произнела по барањето за прекин на постапката ниту пак дала образложени причини за одбивање на барањето на тужителите. Исто така наведуваат дека Комисијата не е надлежна, согласно ЗЗНТП, за постапување по оваа група на производи и истиот договор не може да биде предмет на постапување на КЗК. А исто така сосема нејасно било како бил утврден износот на пропишаната глоба во решението кое сметаат дека е во спротивност со Законот за прекршоците.

Управниот суд ја достави тужбата на одговор до тужениот орган, кој до Судот ги достави списите во предметот и во Одговор на тужбата наведе дека со сега оспореното решение правилно е утврдена фактичката состојба, а дека тужбените наводи се погрешни и неосновани, детално произнесувајќи се по истите.

Управниот суд го достави одговорот на тужба до полномошникот на тужителите, кој во определениот рок не се произнесе по истиот.

Постапувајќи по тужбата, Управниот суд закажа и одржа јавна расправа на ден 22.04.2026 година, во присуство на полномошникот на тужителите Адвокат Ерол Хасан од Скопје и овластени лица на тужениот орган Александра Мицкова и Борче Размоски, и двајцата од Скопје, со уредни полномошна издадени од тужениот орган, при што на јавната расправа Судот му даде збор на полномошникот на тужителите кој изјави дека останува во целост кон тужбата и тужбеното барање, како и во доказите истакнати во текот на дотогашната постапка. Во врска со предметот на спорот наведе дека основното прашање било дали субјектите кои се опфатени со Законот за забрана на нефер трговски практики при регулирањето на своите деловни односи, односно при склучувањето на годишните договори имаат обврска, што бил став на тужениот, да имаат само еден договор кој ги регулира меѓусебните односи или може да имаат повеќе договори кои ја регулираат истата материја согласно одредбите од законот. При тоа укажа дека сите обрски од еден или повеќе договори на добавувачот во врска со одобренијата кои се одобруваат на тужителот во конкретниот случај на годишно ниво не било повеќе од вкупно 10% од остварениот промет меѓу конкретниот добавувач и купувачот во тековната година. За конкретниот предмет тужителот имал склучено годишен договор и дополнително уште еден договор за размена на податоци, каде што јасно и недвосмислено било утврдено дека во двата договори максималниот износ вкупно меѓу договорните страни не треба да надмине 10% од остварениот промет во тековната година. Бидејќи во тековната година се појавил различен став од страна на КЗК меѓу договорните страни бил склучен анекс на двата договори со кој всушност биле фузирани во еден договор и повторно во анексите потенцирано било дека трошоците нема да надминат 10%. Второто прашање кое се јавувало во оваа постапка било дали 10% треба да се рачуна по истекот на календарската година и да се пресмета дали е надминат или не е наминат закониот праг од 10%. Во конкретниот случај КЗК констатирала дека е настанат прекршок пред истекот на законскиот рок односно по истек на цели 6 месеци пред почетокот на календарската година, па поради истото смета дека ваквото постапување на КЗК било спротивно на член 8 став 6 од Законот за нефер трговски практики од причина што истиот бил преуранет и се создавала правна фикција за сторен прекршок.

Судот на јавната расправа му даде збор и на претставникот на тужениот орган Борче Размоски, кој изјави дека во целост останува на наводите дадени во Одговорот на тужба и смета дека тужбата треба да биде одбиена од неколку причини, односно во конкретниот случај клучниот факт бил дека тужителот склучил

посебен договор за споделување на податоци со добавувачот „Тиквеш" за кој што потенцираше дека не е дел од годишниот договор за купопродажба на земјоделски и прехрамбени производи кои што се предмет на законот, со што фактички и правно бил воспоставен посебен договорен однос кој што е спротивен на член 7 од Законот, кој пак барал сите услови помеѓу купувачот и добавувачот да бидат уредени со единствен писмен договор. Токму во тоа се содржела суштината на прекршокот, а не во висината на надоместокот туку во самото постоење на ваков дополнителен договор. Укажа дека наводите на тужителот дека се работи за дозволен рабат од 10% се ирелевантни бидејќи таа одредба можела да се примени единствено во случај само доколку биле предвидени во договорот предвиден во член 7 од Законот а согласно член 8 став 6 од Законот. Наведе дека Законот за забрана на нефер трговски практики е LEX SPCIALIS и е посебен закон кој на императивен начин го уредува односот помеѓу купувачот и добавувачот и сите услови мора да бидат предвидени во единствен писмен договор. Со склучување на посебен договор тужителот само ја заобиколил наведената одредба од член 7 и на тој начин само создавал дополнителни обрски кон добавувачот.

Во доказната постапка, Судот на расправата изврши увид во: Тужба, Одговор на тужба примена во судот на 20.11.2025 година, Оспореното решение ПП бр.13-80/11 од 05.09.2025 година, Заклучок бр.13-80/1 од 13.05.2025 година, доставување на заклучок за прибавување на податоци бр.13-80/2 од 13.05.2025 година, Допис КЗК и КОП од 22.05.2025 година, Заклучок ПП бр.13-80/4 од 28.05.2025 година, Записник ПП бр.13-86/1 од 29.05.2025 година, потврда ПП. бр.13-86/1 од 29.05.2025 година, Достава на документација по записник од 05.06.2025 година, Заклучок за поведување на прекршочна попстапка од 04.07.2025 година Допис од Веропулос од Скопје до КЗК од 15.07.2025 година, Извстување за утврдена фактичка состојба од 06.08.2025 година, Допис до КЗК од 18.08.2025 година, Решение од 05.09.2025 гопдина, Заклучок за спојување на постапка о д 05.09.2025 година.

Во завршни зборови полномошникот на тужителите изјави дека врз основа на дотогаш изнесеното и приложените докази останува во целост на тужбеното барање и предлага на судот да донесе пресуда како што било предложено во петитумот на тужбеното барање. Трошоци побара согласно со АТ.

Во завршни зборови претставникот на тужениот орган изјави дека останува во се како во дадените наводи на одговорот на тужба и на предметната јавна расправа и предлага судот да ја одбие тужбата како неоснована и да го потврди решението на КОП како правилно и законито.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата на тужителите, одговорот на тужба, како и од увидот во списите на предметот доставени од тужениот орган, го испита побиваното решение согласно член 35 од Законот за управните спорови, па по оцена на наводите во тужбата, одговорот на тужба и списите во предметот, како и изјавеното на јавната расправа, најде:

Тужбата на тужителите е неоснована.

Согласно член 4 став 1 точка 6 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи („Службен весник на Република Македонија" бр.66/2024). Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење: „Нефер трговски практики" се договорни одредби и деловни практики кои еднострано се наметнуваат од купувачот

кон добавувачот во врска со продажбата на земјоделски и прехранбени производи, користејќи ја неговата значителна преговарачка моќ во однос на добавувачот, спротивно на членовите 7 и 8 од овој закон.

Согласно член 7 став 1 од истиот Закон, Договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи меѓу добавувачот и купувачот мора да биде склучен во писмена форма пред испорака на земјоделски или прехранбени производи. Согласно став 2 од истиот член, Договорот од ставот (1) на овој член мора да ги содржи сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос меѓу добавувачот и купувачот како договорни страни, а особено мора да содржи одредби за: 1) цената на земјоделскиот и/или прехранбениот производ и начинот на определување или пресметување на цената; 2) квалитетот и видот на земјоделскиот и прехранбениот производ што се доставува до купувачот; 3) условите и роковите за испорака на земјоделските и прехранбените производите кои се предмет на договорот; 4) условите и роковите за плаќање на испорачаните земјоделски и прехранбени производи; 5) местото на испорака на земјоделските и прехранбените производи; 6) времетраењето на договорот и 7) престанување и раскинување на договорот. Согласно став 3 од истиот член, Покрај условите од ставот (2) на овој член, во договорот за снабдување од ставот (1) на овој член мора на јасен и недвосмислен начин да бидат утврдени и општите деловни услови меѓу договорните страни, кои не смеат да содржат одредби кои се сметаат за нефер трговски практики согласно со член 8 од овој закон. Согласно став 4 од истиот член, Со општите деловни услови од ставот (3) на овој член се утврдуваат условите за продажба и купување, правата и обврските на добавувачот и правата и обврските на купувачот, обезбедување на побарувањата на добавувачот, правата и обврските на добавувачот и на купувачот, во случај кога купувачот ќе го раскине договорот, размената на информациите, измената на општите услови, виша сила, решавање спорови, заштита на личните податоци и доверливост.

Согласно член 10 од истиот Закон, За прекршоците определени во овој закон прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршок.

Согласно член 18 став 1 од истиот Закон, Заради вршење на овластувањата утврдени со овој закон, Комисијата за одлучување по прекршок може со заклучок да бара од купувачот и од добавувачот да достават податоци во врска со нивната економско финансиска состојба, нивните деловни односи и врски, податоци за нивните статути и одлуки, за бројот и идентитетот на лицата засегнати со таквите одлуки, како и други податоци потребни за водење на постапката.

Согласно член 26 став 1 точка 1 и 2 од истиот Закон, Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 6.000 до 12.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му биде изречена за прекршок на правното лице кое во својство купувач кон неговите добавувачи употребува значителна преговарачка моќ со наметнување нефер трговски практики, ако: 1) во договорот за снабдување на јасен и недвосмислен начин не се утврдени општите деловни услови меѓу договорните страни, согласно со членот 7 ставови (3), (4) и (5) од овој закон и 2) не ги почитуваат условите и роковите на плаќање, согласно со членот 7 ставови (6), (7), (8), (9), (10) и (11) од овој закон.

Согласно член 35 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019), законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но притоа не е врзан со причините на тужбата.

Од приложените списи во предметот произлегува дека на ден 13.05.2025 година, на седница на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на член 18 став (1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи, бил донесен Заклучок за прибавување на податоци ПП бр.13-80/1 од 13.05.2025 година од правното лице: Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, кој заклучок на ден 13.05.2025 година, со допис ПП бр.13-80/2, Комисијата го доставила до истото правно лице.

На ден 22.05.2025 година, со допис ПП бр.13-80/3, Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци ги доставило до Комисијата бараните податоци согласно Заклучокот бр.13-80/1 од 13.05.2025 година и тоа договори, фактури и Изјави за компензација помеѓу ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци и Трговското друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, како и Издадени фактури од Веро кон Тиквеш и Задолженија, при што било констатирано дека доставените Изјави за компензација се потпишани од овластено лице на Веро - Весела Соколоска, но не се потпишани/заверени од страна на Тиквеш.

По анализа на прибавените информации и документација, согласно член 19 од Законот, на ден 28.05.2025 година, Комисијата на седница донела Заклучок ПП бр.13-80/4 за прибавување на податоци на лице место во Трговското друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје. При вршење на дејствијата предвидени со Заклучокот во Трговското друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, на 29.05.2025 година, бил составен Записник ПП бр.13-86/1 од 29.05.2025 година, а по барање на преставниците на Комисијата, Договорот за купопродажба на податоци (data sharing) со Тиквеш бил доставен на лице место во копија верна на оригиналот. Видно од доставениот договор на лице место, во истиот било наведено дека е склучен на ден 03.04.2025 година, а во член 5 од истиот било дефинирано дека се склучува за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година, при што истиот бил потпишан и заверен од Веро и од Тиквеш, но на договорот единствено стоел архивски број на Тиквеш 0307-885 од 16.05.2025 година. За време на увидот на лице место, од преставниците на Комисијата било побарано сите вакви договори да бидат доставени до Комисијата во рок од 8 дена, заедно со фактури базирани на овие договори, како и доказ за нивно плаќање. При вршењето на дејствијата во Веро, била составена Потврда ПО бр.13-86/2 од 29.05.2025 година, во која Потврдата било нотирано прибавувањето на Копија од Договорот за купопродажба на податоци (data sharing) помеѓу Веро и Тиквеш со архивски број на Тиквеш 0307-885 од 16.05.2025 година.

Постапувајќи по барањето на Комисијата, на ден 05.06.2025 година, со допис ПП бр.13-86/3 од 05.06.2025 година, Трговското друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје доставило податоци до Комисијата, и тоа: копии од склучени Договори за купопродажба на податоци (data sharing) со добавувачи на Веро; издадени фактури кон добавувачите; изјави за компензација, како и копии од архивската книга на Веро. Во дописот, Трговското друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје навело имиња на 79

добавувачи со склучило договор, при што било посочено дека кон 8 од добавувачите со кои е склучен договор не било извршено фактурирање.

Во прибавената документација за време на увидот на лице место и дополнително доставените - Договори за купопродажба на податоци (data sharing), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата утврдила дека Трговското друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје во овие договори се јавува во улога на продавач, а добавувачите се јавуваат во улога на купувач. Со дописот ПП бр.13-86/3 од 05.06.2025 година, Веро доставил 77 вакви договори, а еден од доставените договори од Веро бил и Договор за купопродажба на податоци (data sharing) со Тиквеш кој бил потпишан и заверен и од Веро и од Тиквеш, со архивски број на Тиквеш 0307-886 од 16.05.2025 година и со архивски број на Веро 03/811-02 од 29.05.2025 година т.е. истиот датум кога било извишено прибавувањето на докази на лице место во Веро од страна на Комисијата. Во доставениот договор за купопродажба на податоци (data sharing) помеѓу Веро и Тиквеш било наведено дека е склучен на 03.04.2025 година, а во член 5 од договорот било дефинирано дека истиот се склучува за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

На ден 04.07.2025 година, согласно член 12 од Законот, имајќи ги во предвид сите дотогаш прибавени/доставени информации, Комисијата на седница донела Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.13-80/5 од 04.07.2025 година, кој на ден 04.07.2025 година, со допис ПП бр. 13-80/6, бил доставен до Трговското друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, сега тужител.

Постапувајќи по Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ПП бр.13-80/5 од 04.07.2025 година, на ден 15.07.2025 година, со допис ПП бр.13-80/7 од 15.07.2025 година, Трговското друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје до Комисијата доставило Писмено произнесување, во кое меѓудругото навело дека Комисијата со Заклучокот за прибавување на податоци на лице место ПП бр. 13-80/4 од 28.05.2025 година, побарала само дел од доказите а не го побарала Годишниот договор со Тиквеш врз основ на кој произлегувале дополнителните договори, па така врз основа на делумно прибавени докази бил донесен оспорениот Заклучок за поведување на прекршочна постапка и врз основа на делумно и не целосно утврдена фактичка состојба погрешно биле ценети докази од страна на Комисијата во целост и погрешно било применето материјалното право односно членот 8 став 1 точка 12, 16, 23 и 26 од Законот. Напротив укажало дека ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје постапил исклучиво согласно членот 8 став 6 од Законот, односно исклучоците од став 5 од истиот член, при што посочило дека рабатот кој добавувачот му го одобрува на Веро не бил повисок од 10% од остварениот годишен промет и истото било дефинирано во Договорот за снабдување. Исто така посочило дека во членот 3 од склучениот договор помеѓу Веро и Тиквеш, јасно и недвосмислено бил утврден максимален износ на надоместоците и плаќањата меѓу договорните страни кој не требал да надмине 10% од остварениот промет во тековната година. Понатаму, во произнесувањето истакнало дека со Законот не бил ограничен типот и содржината на договорите ниту пак тоа можело да се ограничи и дека единствено ограничување во конкретниот случај било дека износот на надоместоците и плаќањата не треба да надмине 10% од остварениот промет во тековната година, но бидејќи Комисијата го донела Заклучокот за поведување на прекршочна постапка во првата половина на тековната година не можело со сигурност да го утврди износот на надоместоците и плаќањата помеѓу договорните страни, па притоа да цени дали е надминато

ограничувањето од членот 8 став (6) од Законот, па поради истото Трговското друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје заклучува дека Комисијата би требало да ја запре постапката, па евентуално по истекот на тековната година да ја продолжи постапката откако ќе утврди дали е надминато ограничувањето од членот 8 став (6) од Законот.

На ден 06.08.2025 година, согласно член 21 од Законот, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, на седница донела Известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.13-80/8 од 06.08.2025 година, во кое навела дека пред донесување на Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ПП бр.13-80/5 од 04.07.2025 година, покрај Договорот за купопродажба на податоци (data sharing), прибавила и Годишни договори склучени помеѓу Веро и Тиквеш и информации за плаќањата извршени помеѓу Тиквеш и Веро. Исто така било наведено дека по прибавените информации од Тиквеш, Комисијата прибавила и информации со увид на лице место во Веро, и тоа - Договори за купопродажба на податоци (data sharing), кои Веро ги имал склучено со дел од своите добавувачи, кои пак Договорите не преставувале анекс/прилог на Годишните договори со добавувачите, кои согласно член 7 став (1) од Законот морало да бидат склучени во писмена форма пред испорака на земјоделски или прехрамбени производи и кои морале да ги содржат сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос меѓу добавувачот и купувачот како договорни страни, притоа несодржејќи одредби кои се сметаат за нефер трговски практики согласно членот 8 од Законот. Вака изготвеното Известувањето за утврдена фактичка состојба ПП бр.13-80/8 од 06.08.2025 година, со допис ПП бр.13-80/9, Комисијата на ден 06.08.2025 година го доставила до сега тужителот Трговското друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје.

Постапувајќи по Известувањето за утврдена фактичка состојба ПП бр. 13-80/8 од 06.08.2025 година, Трговското друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, на ден 18.08.2025 година, со допис ПП бр. 13-80/10 доставило до Комисијата писмено Произнесување во кое навело дека Комисијата со Заклучокот за прибавување на податоци на лице место од 28.05.2025 година, побарала само дел од доказите а не го побарала Годишниот договор со Тиквеш врз основ на кој произлегувале дополнителните договори, па врз основ на делумно и нецелосно утврдена фактичка состојба, погрешно биле ценети докази од страна на КОП во целост и погрешно било применето материјалното право односно членот 8 став 1, точка 12, 16, 23 и 26 од Законот. Посочило дека во членот 3 од склучениот договор помеѓу Веро и Тиквеш, јасно и недвосмислено бил утврден максимален износ на надоместоците и плаќањата меѓу договорните страни кој не требало да надмине 10% од остварениот промет во тековната година. Како поткрепа на претходното, Друштвото истакнало дека е склучен и Анекс кон наведениот Договор со кој на јасен и недвосмилен начин било потврдено дека сите надоместоци и плаќања по основ на Годишниот договор и Договорот за размена на податоци нема да го надминат законскиот максимум од 10% од остварениот промет во тековната година, односно дека меѓусебно склучените договори преставуваат една целина која го регулира нивниот меѓусебен однос во врска со Законот. Понатаму, во произнесувањето истакнало дека со Законот не бил ограничен типот и содржината на договорите ниту пак тоа можело да се ограничи и дека единствено ограничување во конкретниот случај било дека износот на надоместоците и плаќањата не треба да надмине 10% од остварениот промет во календарската година. Исто така укажало дека Комисијата го донела Заклучокот за поведување на прекршочна постапка во првата половина на тековната година и не можела со сигурност да го утврди износот на надоместоците и плаќањата помеѓу договорните страни, па притоа да цени дали

е надминато ограничувањето од членот 8 став (6) од Законот. Па поради јасната одредба од членот 8 став 6 од Законот, односно исклучоците од став 5 од истиот член, Комисијата би требало да ја запре постапката, па евентуално по истекот на тековната година да ја продолжи постапката откако ќе утврди дали е надминато ограничувањето од членот 8 став 6 од Законот.

По анализата на сите прибавени информации и податоци вклучително и Произнесувањето по известувањето за утврдена фактичка состојба ПП бр.13-80/10 од 18.08.2025 година, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, го донела сега оспорено решение ПП.бр.13-80/11 од 05.09.2025 година, со кое го утврдува постоењето на предметниот прекршок со оглед на фактот дека Трговското друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје не постапувало согласно предвидените обврски во Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи, кое однесување преставува прекршок согласно член 26 став (1).

Имајќи ја во предвид ваквата фактичка и правна состојба, согласно цитираните законски одредби и изведените докази во текот на управната постапка, Управниот суд наоѓа дека тужениот орган, правилно ја спровел постапката и во целост ги прибавил и ги ценел доказите од кои ја утврдил вистинската состојба на работите по предметот, наоѓајќи дека тужителите со дејствијата опишани во изреката на оспореното решение го сториле предметниот прекршок од член 26 став 1 точка 1 и 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи, за кој им изрекол глоби во законски предвидената рамка, а согласно големината на истиот правен субјект, сега тужител. Судот наоѓа дека за својата одлука тужениот орган дал јасно, недвосмислено и на закон засновано образложение кое како такво во целост го прифаќа и овој суд.

Имено, имајќи во предвид дека согласно член 7 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи, меѓу купувач и добавувач може да постои само еден договор, односно годишниот договор за купопродажба, и сите меѓусебни односи и финансиски услови помеѓу купувачот и добавувачот треба да бидат уредени со тој единствен меѓусебен писмен договор, а со оглед дека во конкретниот случај клучен факт е дека купувачот Трговското друштво за производство, промет и услуги ВЕРОПУЛОС ДООЕЛ Скопје, сега тужител, склучил посебен Договорот за купопродажба (споделување) на податоци (data sharing) со добавувачот ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, кој што не е дел од годишниот договор за купопродажба на земјоделски и прехрамбени производи кои што се предмет на законот, фактички и правно воспоставува посебен договорен однос кој што е спротивен на цитираниот член 7 од Законот, со оглед дека секој посебен или дополнителен договор создава нерамноправна позиција и овозможува еднострано наметнување дополнителни обврски, како што е случај со Договорот за споделување на податоци кој сега тужителот го склучил со Тиквеш како посебен договор за услуга кој не е поврзан со самата продажба на производите ниту пак е дел од обврските произлезени од годишниот договор.

При одлучувањето Судот го имаше предвид фактот дека на 14.08.2025 година е склучен Анекс со кој дополнително се уредува деловниот однос помеѓу Веро и Тиквеш, а по основ на основниот договор 0307-886 склучен на 16.05.2025 година, меѓутоа најде дека вака склучениот Анекс не ја менува утврдената фактичка

состојба со оглед дека пред склучување на новоприложениот Анекс од 14.08.2025 година, веќе склучениот Договорот за купопродажба на податоци (data sharing), претставувал посебен Договор од Годишниот договор и основа врз која Веро доставувал фактури кон Тиквеш за услуги кои не се споменати во склучените Годишни договори - Услуги со опис - Споделување на статистички податоци не се споменуваат никаде во Годишните договори, а истите видно од прибавените фактури и изјави за компензација биле наплаќани/компензирани од страна на Веро во периодот пред склучување на истиот Анекс.

При одлучувањето судот ги ценеше наводите на тужителите дека со Заклучокот за прибавување податоци на лице место од 28.05.2025 година, Комисијата побарала само дел од доказите, а не го побарала Годишниот договор врз основа на кој произлегувале дополнителните договори, при што на тој начин само делумно ја утврдила фактичката состојба, па врз основа на тоа и погрешно го применил материјалното право од член 8 став 1 точка 12, 16, 23 и 26 од Законот за забрана на нефер трговски практики. Меѓутоа, самиот факт дека видно од Договор за купопродажбата (споделување) на податоци (data sharig), истиот договор помеѓу Веро и Тиквеш е склучен со цел уредување на деловната соработка, како засебен договор, односно не е дел од годишниот договор и нема основ во него, претставува повреда на член 7 став (1) од Законот, и согласно истото Комисијата правилно го применила член 26 став (1) точка 1) од Законот, бидејќи прекршокот е сторен со фактот на склучување и примена на договор кој е спротивен на законската забрана. Од тука како и од содржината на решението произлегува дека Комисијата ги ценела сите релевантни докази во целина, согласно начелото на материјална вистина, поради што неоснован е и тужбениот навод дека при донесување на решението ПП.бр.13-80/11 од 05.09.2025 година направена е суштествена повреда на одредбите од членовите 4, 6, 9 и 12 од Законот за општа управна постапка.

Исто така Судот ги имаше во предвид и наводите дадени во тужбата, како и на јавната расправа дека тужителот постапил исклучиво согласно член 8 став 6 од Законот, односно исклучоците од став 5 на член 8 од законот и рабатот кој што добавувачот му го одобрува на купувачот не бил повисок од 10% од остварениот промет меѓу конкретниот добавувач и купувачот во тековната година, меѓутоа смета дека ваквите наводи се ирелевантни при утврдување на предметниот прекршок со оглед дека суштината на предметниот прекршок не се состои во висината на надоместокот туку во самото постоење на посебен, дополнителен договор за споделување на податоци со добавувачот „Тиквеш“ кој не е дел од годишниот договор за купопродажба на земјоделски и прехрамбени производи кои што се предмет на законот, а со што фактички и правно бил воспоставен посебен договорен однос кој што е спротивен на член 7 од Законот.

Судот исто така го ценеше тужбениот навод дека за правилно и точно утврдување на фактичката состојба е потребано таа да се утврди по истекот на календарската година со финансиско вештачење, меѓутоа најде дека не постојат услови ниту законска потреба за финансиско вештачење, бидејќи прекршокот се состои во постоење и содржина на договор, кое постоење во конкретниот случај е факт, а не се состои во сметководствените износи.

По однос на тужбениот навод дека тужителот побарал прекин на постапката до истекот на календарската година, Судот наоѓа дека не се исполнети законски основи за прекин на постапката уредени со член 95 од ЗОУП.

Исто така, Судот укажува на неоснованост и на тужбениот навод дека Комисијата не е надлежна согласно Законот за постапување по оваа група на производи и истиот договор не може да биде предмет на постапување, бидејќи надлежноста на Комисијата не е ограничена само на земјоделски и прехрамбени производи, туку ги опфаќа производите во кои спаѓаат и алкохолните пијалоци дефинирани во член 4 став 1 точка 1 и член 5 од Законот.

Во однос на барањето на полномошникот на тужителите за надомест на трошоците на постапката, Судот одлучи како во изреката на решението, при тоа имајќи го предвид член 86 став 3 од Законот за управните спорови, согласно кој во управен спор, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката.

Со оглед на сето изнесено, а согласно членот 59 став 1 од Законот за управните спорови, судот одлучи како во изреката на оваа пресуда.

ПРЕСУДЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 29.04.2026 година под УПРК.бр.35/2025.

Записничар - судски референт
Ќефајет Бериша

Претседател на совет - Судија
м-р Ѓоко Живковски

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истата преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжуваат двајцата тужители солидарно да платат судска такса за пресудата во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката, на следната сметка: како Примач - Буџет на Р.Македонија, Банка на примачот - Народна Банка на Република Македонија, за судски такси од правни лица на сметка број 1000-000-000-630-95, уплатна сметка 840-182-03338, приходна шифра 72-22-11, програма 00, начин 2.

Пресудата да се достави до:
- тужителите, преку полномошник,
Ерол Хасан, адвокат од Скопје,
- тужениот орган,

Претседател на совет - Судија
м-р Ѓоко Живковски

КБ/

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Согласноста на преписот со изворникот ја заверува
Судски службеник

4